**20252044072**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 22 став (22) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на верификација на посебната програма за образование на возрасните (во натамошниот текст: посебната програма), како и формата и содржината на образецот на барањето за верификација на посебната програма и потребната документација.

Член 2

Од страна на установата или институцијата за образование на возрасни (во натамошниот текст: понудувачот на услуги), која сака да реализира посебна програма, се доставува барање за верификација на посебната програма со потребната документација до Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот), и тоа:

- документ за регистрирана дејност – образование на возрасни, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- посебната програма во три примероци и
- уплатница за извршена уплата на надомест за верификација на посебната програма на сметка на Центарот, согласно одлука за надоместок за верификација на посебната програма за образование на возрасните.

Член 3

(1) Барањето за верификација на посебната програма се поднесува за секоја посебна програма одделно, на Образец со димензии 21 см х 29,7 см.

(2) Формата и содржината на Образецот на барањето за верификација на посебната програма, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) По доставувањето на барање за верификација на посебната програма и потребната документација, Комисијата за верификација на посебната програма за образование на возрасни (во натамошниот текст: Комисијата), ја разгледува поднесената документација и посебна програма и ја спроведува нејзината евалуација.

(2) Од страна на Комисијата, до директорот на Центарот се доставува записник со кој се предлага решение по однос на барањето за верификација на посебната програма, со кое може:

- да го прифати барањето и поднесената посебна програма или
- да го одбие барањето и поднесената посебна програма.

(3) Доколку Комисијата утврди дека постојат недостатоци во доставената посебна програма, доставува записник до директорот на Центарот.

(4) Од страна на директорот писмено се известува понудувачот на услуги да ја измени и дополни посебната програма, согласно дадените забелешки во записникот.

(5) Корегираната посебна програма, понудувачот на услуги треба да ја достави најдоцна десет дена од денот на приемот на известувањето за корекција на програмата, до Центарот.

(6) Доколку корегираната посебна програма не биде доставена во периодот од став (5) на овој член, барањето од став (2) на овој член и поднесената посебна програма се одбиваат.

Член 5

(1) По разгледувањето на изменетата и дополнета посебна програма од страна на Комисијата, се доставува записник од спроведената евалуација на посебната програма и се дава мислење до директорот на Центарот.

(2) Доколку при разгледување на корегираната посебна програма, Комисијата утврди дека не е соодветно постапено по однос на забелешките во записникот, доставува записник до директорот и предлага решение целосно да го одбие барањето за верификација на посебната програма и поднесената посебна програма.

Член 6

На понудувачот на услуги чие барање за верификација на посебна програма е одбиено од страна на Центарот, му се доставува писмено образложение за причините за одбивање на барањето за верификација на посебната програма и на поднесената програма.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 18-12743/3
1 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

До ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОСЕБНА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

| Податоци за посебната програма | |
|---|---|
| Назив на програмата за образование на возрасните | |
| Сектор | |
| Поврзани стандард(и) на занимања / квалификација | |
| Податоци за установата/институцијата за образование на возрасните | |
| Назив на установата/институцијата за образование на возрасните | |
| Број на регистар на установата/институцијата | |
| Управител / овластено лице | |
| Адреса | |
| Телефонски број | |
| Адреса на е-пошта: | |
| Дејност на установата/институцијата | |
| Јас, долу потпишаниот потврдувам дека: | |
| 1.Посебната програмата што ја поднесувам води до стекнување на :<br>☐ стручни квалификации или дел од стручни квалификации<br>☐ знаења, вештини и компетенции кои не се дел од стручна квалификација | |
| 2. Во прилог на барањето ја поднесувам следната документација:<br>- документ за регистрирана дејност – образование на возрасни, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија,<br>- посебната програма во три примероци и<br>- уплатница за извршена уплата на надомест за верификација на посебната програма на сметка на Центарот, согласно одлука за надоместок за верификација на посебната програма за образование на возрасните | |

Датум: ______________

Барател: ______________________

(Име, презиме и потпис на управител/овластено лице)

(Печат на установата или институцијата)